S·T·O·B·I INTERNATIONAL ART GALLERY

ГАЛЕРИЈА СТОБИ
GALERIJA STOBI
9.9 - 22.9 1995
ОТВАРАЊЕ
OPENING 20h
ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР
СКОПЈЕ
тел. (091) 23 39 72

**НИНА ГЕШТАКОВСКА - ЦВЕТКОВСКА**
(1961) ФЛУ - Скопје завршила 1984 год. во класа на проф. Драгутин Аврамовски Гуте. Студиски престој во Венеција на Accademia delle belle arti во класата на проф. Borella. Овогодишен добитник на наградата "Моша Пијаде" за графика.Работи во Институтот за старословенска култура.
Самостојни изложби: 1985/89/95 - Скопје; 1988 - Грац; 1995 - Прилеп. Учествувала на повеќе групни изложби од 1985 до 1995 год во земјата и странство.
Atelier: "Петар Дељан" 5/2/10 Скопје, тел. 221 388

**ДИЈАНА ТОМИЌ - РАДЕВСКА**
(1961) ФЛУ - Скопје завршила 1984 год. во класа на проф. Драгутин Аврамовски Гуте. Работи како слободен уметник, изработува уникатни теписи по сопствени дизајни.
Самостојни изложби: 1988/92 Скопје, 1992 -Охрид
Од 1985 до 1995 година учествувала на повеќе групни изложби во земјата и странство.
Atelier: Народен фронт 5/2/57 Скопје, тел.206-332

**ЗДЕНКО БУЖЕК**
(1957) Студира графика на ФЛУ во Скопје 1980-1981 год. во класата на проф. Драгутин Аврамовски Гуте, дипломира 1984 на АЛУ во Загреб во класа на проф. Анте Кудуз. Слободен уметник од 1985. Објавил две книги со прозни текстови.
Самостојно излагал во Загреб од 1985 до 1995 год.
Учествувал на 40-тина групни изложби во земјата и странство
Atelier: В.Филаковца 17 Загреб, тел/факс 568369
П.Савелиќ 9 Скопје, тел.231-321

**Групата КРУГ** е формирана 1985. Настапувала на изложбите: 1985 - Гевгелија, Дојран 1985/86 - Охрид. Денес сеуште останува нивната духовна поврзаност.

"Секој вид на активност е потчинат на сопственото движење кое детерминирано со внатрешните барања и кое во допир со одредени слични движења може да биде забавено или забрзано". (А. Фосијон)

Движењето, развојот и начинот на евокативното искажување на овие личности (групата КРУГ освен Зоран Карагонов кој не е присутен на оваа изложба) во сета своја разновидност и меѓусебна различност во "брановата должина" на времето и просторот, во скалата на движењето на ликовната вокација, во начинот на антиципирањето на ликовната содржина сепак искажуваат одредена постојаност и изохроност во рамките на воспоставување на еден внатрешен ред. Нивното поврзување не е поттикнато од некоја конкретна идеја која би претпоставувала и потенцирала став, или во исто време "мислење во исти облици", туку, пред се во овој случај станува збор за афинитети. Едноставно речено, групата КРУГ е инструмент на афинитет кон одредени облици пошироко земено во времето и просторот, подразбирајќи го насловот како симбол на циркулирањето на времето како вечно обновување.
Од тука произлегува и хармоничната усогласеност меѓу критичкото и органското: противречна слоевитост на елементите на експериментот резултира во една, помалку или повеќе константа во постигнатиот резултат. Нивното (не) постоење не е предизвикано од конкретна замисла, не е стегнато во калап или дефиниција, туку е условено од слободата на "смислена адаптација" и цивилизацијска константа донекаде поттикната и од "биолошката фаталност". Оваа подвижна заедница без строги канони и ставови е во постојано поединачно испитување и истражување во обликувањето на просторот, материјалот и времето, со разновидност и разномерност кај секој член посебно, а што во целина земено сепак донекаде искажува едно интересно сведоштво на тие невоедначености. И доколку, покрај разновидните животни патишта што реперкуираат и во нивното "ликовно" размислување (кај Зденко Бужек - облик како знак - поизразена и поконкретна свртеност кон рецентните цивилизациски кодекси присутна во поголемиот дел од неговото творештво во различни стилски искажувања; кај Дијана Томиќ - знак како симбол - во вид на архаична симболика и знаковност повеќе во улога на збогатување на формалната содржина на делото и кај Нина Гештаковска во целосно навлегување и обликување на композицијата - симбол како облик - ), сепак бараме некој допирни точки, овие релации повторно ги наоѓаме во духовните сфери, во оние имагинарни, сензибилни и симболични простори на бездните надухот кој што ги ускладува нивните карактери и од кои и произлегува тој феномен што ги привлекува: афинитетот кон одредени облици како такви и облик како начин на живеење, како животен кодекс. Овие мигови кои на почетокот ги поврзуваа во чинот на општа активност, набргу потоа станаа мерило за секоја личност посебно и израз на нивниот свет на репродукција на животот и сликите на внатрешната иконографија на духот.
Нивниот натамошен развој, меѓутоа, изразува се појасна различност во ракописот и се позрели особености, која во својата метаморфозичност се поинтензивно го искажува индивидуалното и во една сепак воедначена рамномерна прогресија, ги зацврстува нивните суштински релации.

Викторија Васева Димеска